Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/77

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јули 2020 година

Скопје, јули 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 јули 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Наќе Чулев, министер за

внатрешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 73-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 74-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2020 година**

1. Записник од Деведесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 јули 2020 година

2. Записник од Деведесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 јули 2020 година

3. Записник од Деведесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 јули 2020 година

4. Записник од Стотиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јули 2020 година

5. Записник од Сто и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 јули 2020 година

6. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижност (ДП 03-312/20 КП бр.14114 КО Прилеп)
7. Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии со Нацрт - годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2019 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2019 година – декември

2019 година и Нацрт - акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година

8. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

9. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/512 на Советот од 7 април 2020 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран

10. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/563 на Советот од 23 април 2020 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма

11. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1/1 КО Мралино - Општина Илинден)

12. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон европската рамковна програма за истражување и иновации „Хоризонт Европа" (2021-2027)

13. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје (вентилатори)

14. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.218/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот: „примените задолжителни вакцини за детето" од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019)

15. Иницијатива од Борко Симоски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.180/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 192 ставови 1, 2, 3 и 4 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2010, 132/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 77/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015 и 71/2016) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 275/2019 и 14/2020)

16. Кадровски прашања

17. Прашања и предлози

18. Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање (NDPP)

19. Информација за напредокот на Република Северна Македонија во делот на „Цивилна подготвеност“ НАТО Процес на одбранбено планирање (NDPP) за период јануари 2020 - јуни 2020

20. Информација за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите

*

* *

Владата без забелешки, ги усвои Записникот од 73-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јуни 2020 година и Записникот од 74-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2020 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Деведесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 јули 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Деведесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 16 јули 2020 година.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Деведесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 јули 2020 година.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Стотиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јули 2020 година.

**Точка 5**

Владата го разгледа Записникот од Сто и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 јули 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Сто и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 јули 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за организирање на државни настани на отворено во време на пандемија со COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

## Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Советот за управување со јавни финансии, со Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година, за периодот јануари 2019 - декември 2019 година и Нацрт-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година и притоа ги донесе следните заклучоци: 1. Ја усвои Информацијата за работата на Советот за управување со јавни финансии, со Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година, за периодот јануари 2019 - декември 2019 година и Нацрт-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година. 2. Го усвои Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година. 3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за јавни набавки и Државниот завод за статистика, а се препорачува на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ги реализираат активностите од Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година, согласно планираната динамика и за истото да ги обезбедат потребните ресурси (материјално - технички, човечки и финансиски).

## Точка 8

Владата ги одложи за наредната седница Предлог-одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и Информацијата за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите, поради потребата од дополнително усогласување помеѓу сите засегнати институции кои партиципираат во Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел и Министерството за финансии, во врска со обезбедување на буџетски средства за покривање на недостатокот на средства за опремување на Мисијата на институциите, како и за другите отворени прашања.

Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/512 на Советот од 7 април 2020 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран, во предложениот текст.

Точка 10

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/563 на Советот од 23 април 2020 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма, во предложениот текст.

Точка 11

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Точка 12

Владата го разгледа и усвои најновиот текст на Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон европската рамковна програма за истражување и иновации „Хоризонт Европа" (2021-2027) и го задолжи Министерството за образование и наука да изготви и достави писмо за изразување интерес за пристапување на земјата кон Рамковната програма на Европската унија за истражување и иновации „Хоризонт Европа" до крајот на август 2020 година. Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да го има предвид мислењето на Министерството за финансии.

Точка 13

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје, во предложениот текст.

Точка 14

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.218/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот: „примените задолжителни вакцини за детето" од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) при запишување на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа. За офталмолошките прегледи има одредба за одложена примена, односно во член 183 став 3 од Законот за основното образование „одредбата од членот 60 став (2) која се однесува на задолжителните офталмолошки прегледи ќе започне да се применува од учебната 2021/2022 година". Редовната вакцинација е една од специфичните мерки за заштита на населението од заразни болести. Во услови на светска пандемија COVID -19, кога светот се соочува со огромни човечки загуби како резултат на нов тип на вирус и Светската здравствена организација и владите на многу држави се пред огромниот предизвик да го заштитат здравјето на луѓето, укажува на значењето на градењето на заеднички колективен имунитет за човештвото. Ќе ги спомeнеме и загубите од минатогодишната појава на епидемијата со морбили, особено за децата со која се соочуваше нашата држава минатата година. Со цел заштита на колективното здравје и здравјето на децата Владата на Република Северна Македонија на својата Сто триесет и петта седница, одржана на 14 мај 2019 година донесе заклучоци според кои во кое било училиште можат да се запишат исклучиво деца кои се вакцинирани и за тоа имаат соодветен документ/потврда. Во сите училишта да се примат пријавите за упис во училиштата и на оние деца кои не се вакцинирани, но да не се врши упис додека не биде приложен соодветен документ/ потврда за вакцинација. По однос на иницијативата која кое се однесува на забраната од дискриминација врз основа на правото за образование упатуваме на општото мислење за непостоење на дискриминација од страна на органите на управата и градинките со мерката за забрана за запишување и прием на деца кои не се вакцинирани со МРП вакцина и задолжителното вакцинирање на децата на училишна возраст, од 17.05.2019 година на Комисијата за заштита од дискриминација, при што Комисијата смета дека барањето на потврда дека едно дете е вакцинирано со МРП при запишување во градинка и во текот на училишното образование, не претставува дискриминација по ниту еден основ, вклучително уверување, здравствена состојба како и религија и верско уверување во областа на образованието, социјалната заштита и пристапот до добра и услуги, а во однос на децата кои се вакцинирани со МРП вакцина. Комисијата смета дека не постои дискриминација, бидејќи мерката има легитимна (објективно оправдана) цел и таа не е спротивна на Уставот и на одредбите на меѓународните договори, бидејќи е прогласена епидемија и е загрозен животот и здравјето на другите деца кои се во контакт со детето на училиште или градинка и во функција на јавното здравство, односно заштита на здравјето на сите кои би биле во контакт со невакцинирано дете, таа е однапред прецизно дефинирана бидејќи мерката е донесена според претходно предвидена процедура и од соодветни органи и сите родители и старатели се информирани на ефикасен начин и мерката е пропорционална на ефектите кои треба да се постигнат. Упатуваме и на Решение на Уставниот суд на Македонија од 08.10.2014 година, односно на Решение 30/2014 во кое се констатира дека не се поведува постапка за оценување на член 33 став 2 и член 67 став 6 од Законот за заштита на населението („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09) и член 46 став 2 од Законот на основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), како и се отфрла иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 30-а став 5 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/00, 17/13, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 51/11 и 157/11), со што се наведува дека јасно и недвосмислено произлегува дека во случај на одбивање на вакцинацијата од страна на родителите, истите не само што го загрозуваат здравјето на сопствените деца, туку и здравјето на другите деца кои поради медицински контраиндикации не се вакцинирани и на тој начин им се ускратува правото на здрав живот. Според Уставниот суд уставно оправдано е со закон да се обврзат граѓаните на вакцинација против болести чие спречување е во интерес на државата. Задолжителноста од вакцините се утврдува само за одредени заразни болести и на определена возраст утврдена со календарот за имунизација, за што има медицинско оправдување. Со редовно вакцинирање не се штити само лицето кое се вакцинира, туку се создава и колективен имунитет помеѓу населението што ја спречува на циркулацијата на инфективните агенси. Оттука, заради заштита на здравјето на детето и правото на детето на здравје, судот оцени дека е оправдано да им се ускрати на родителите правото на избор за невакцинација од причина што правото на здравје на детето е посилно од правото на избор на родителите. Условувањето на упис на детето во основно училиште предвидено со оспорениот тогашен член 46 став 2 од Законот за основното образование, со приложување на доказ за извршена вакцинација, според Судот, не претставува дискриминација, на што се укажува во иницијативата, од причини што ова претставува само еден вид на механизам за заштита и осигурување на правото на детето на здравје. Родителите кои би го запишале детето во училиште, кое не ги примило потребните вакцини, би ги повредило правото на здравје на своето дете и на другите деца кои одат во истото училиште. По однос на наодот дека со член 46 став 2 од тогашниот Закон за основното образование се повредува член 44 од Уставот и се ограничувало правото на образование, судот оценува дека не е противуставна и дека наведеното условување, односно ограничување е единствено поради постоење на интересот на јавниот ред и мир, заштита на здравјето, моралот и правата и слободите на другите, што значи заштита на правата на групата, над правата на поединецот. Оттука, границата помеѓу позитивните и негативните задолжувања на државата, во согласност со претходно наведената одредба од Законот не може прецизно да се дефинира, но сепак во двата контекста државата ужива одредена слобода на проценка. Воедно, во член 24 од Конвенцијата за правата на детето, која со закон е ратификувана од нашата држава, државите членки му го признаваат на детето правото на највисоко ниво на здравствена и медицинска заштита и рехабилитација. Државите членки истовремено се залагаат за целосно остварување на ова право. Упатуваме и на Решението на Уставен суд со број У.бр.93/2015 од 18.02.2016 година, како и Решение У.бр.84/2019 од 26.06.2019 година, со кои се отфрлаат иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот член 46 став 2 од Законот на основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), со образложение дека Уставниот суд веќе се произнел за уставноста на оспорената одредба, а не постојат основи за поинакво одлучување. Имајќи во предвид дека тогашната оспорена одредба од член 46 став 2 од Законот за основното образование е идентична со одредбата од член 60 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) се смета дека оспорената одредба е во согласност со Уставот и нема основи за поинакво одлучување. Следствено наведеното Владата на Република Северна Македонија

смета дека со член 60 став (2) во делот: примените задолжителни вакцини на детето од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 218/2020. Од причините заради кои Уставниот суд не треба да поведе постапка за оценување на уставноста по поднесената иницијатива, Судот не треба да донесе ни решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземаат врз основа на оспорената одредба.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Борко Симовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.180/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 192 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/2010, 132/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 77/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019, 275/2019 и 14/2020), и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата го оспорува членот 192 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, од причина наведува дека истиот е во колизија со членот 20 став 1 точка 52) од Законот за одбрана, според кој, Министерството за одбрана го организира и спроведува станбеното обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата и со членот 20 став 2, според кој во воена состојба, Министерството за одбрана врши штабни и други работи за потребите на Претседателот на Републиката. Подносителот на Иницијативата, цени дека членот 192 е во колизија со членот 20 став 1 точка 52), прво, од причина што со членот 192 став (1) и (2), се уредува дека: (1) На активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување и (2) Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од став (1) на овој член, може да го оствари по навршување на четири години служба во Армијата, а со членот 20 став 1 точка 52), се уредува дека Министерството за одбрана „организира и спроведува станбеното обезбедување“ на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, што подразбира обезбедување со службени станови, со станови под закуп, со станови со право на откуп за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, а според член 192 од Законот, на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување, што не значи „организирање и спроведување на станбено обезбедување“. Понатаму подносителот на Иницијативата, цени дека со членот 192 од Законот, според кој се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување на активен воен и цивилен персонал, се создава правна нееднаквост и дискриминираност спрема останатите вработени во одбраната, иако тие имаат поголеми одговорности и тоа: во поглед на донесување на одлуки од областа на одбраната на стратешко рамниште кои произлегуваат од Законот за одбрана како системски закон; понатаму дека во одбраната се вработени лица кои работаат на изработка и ажурирање на документите на Планот за одбрана, кој е документ со степен на класификација „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“; извршуваат работи од областа на безбедноста и разузнавањето во

одбраната; инспекциски работи во одбраната, како и дека вработените во одбраната, работат со документи кои претставуваат класифицирана информација со највисоките степени на тајност: „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“, а сепак не им се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување. По однос на став (4) од член 192 од Законот, подносителот цени дека лицата кои се стекнале со станови во сопственост од станбениот фонд на поранешната ЈНА, се ставаат во нееднаква положба со активниот воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, од причина што има лица кои сеуште не ги откупиле становите од станбениот фонд на поранешната ЈНА, а им биле одбивани средства од плати за Станбен фонд на ЈНА и кои согласно член 192 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, ќе добиваат надоместок на трошоци за станбено обезбедување, а ќе останат со нерешено станбено прашање, како и лица кои се наследници на стан кој е откупен од станбениот фонд на поранешната ЈНА и се вработени во Министерството за одбрана, односно Армијата, како активен воен и цивилен персонал, на кои според членот 192 од Законот ќе им се исплатува надоместок за станбено обезбедување. Исто така, со оспорениот член 192 од Законот, подносителот на Иницијативата, цени дека е извршена повреда на член 8 став 1 алинеи 1 и 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија. По однос на наводите во Иницијативата, Владата укажува на следното: Според член 8 став 1 алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, се основите слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеење на правото, а според член 51 од Уставот, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со уставот и законот. Членот 192 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, нормира: „(1) На активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување. (2) Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од ставот (1) на овој член, може да го оствари по навршување на четири години служба во Армијата. (3) Висината на надоместок на трошоци за станбено обезбедување е во висина на трошоците за одвоен живот. (4) По исклучок на ставот (1) на овој член, лицата кои веќе имаат обезбедено станбено прашање со станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, не остваруваат право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување. (5) Надоместокот на трошоци за одвоен живот и надоместокот на трошоци за станбено обезбедување меѓусебно се исклучуваат.“ Членот 192 ставови (1), (2), (3) и (5) е јасен и истиот пропишува право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување на активен воен и цивилен персонал кој засновал работен однос на неопределено време во Армијата и на активен воен и цивилен персонал, кој засновал работен однос на неопределено време во Армијата, по навршување на четири години служба во Армијата, во висина на трошоци за одвоен живот, од каде наводите во Иницијативата на подносителот се неосновани, од причина што Министерството за одбрана го „организира и спроведува станбеното обезбедување“ на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, преку исплата на месечен паричен „надоместок за станбено обезбедување“, кој е во висина на трошоците за одвоен живот и изнесува 7.500 денари месечно. Што се однесува до наводите во Иницијативата, дека со членот 192 од Законот, се создава правна нееднаквост и дискриминираност спрема останатите вработени во одбраната на кои не им се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување, истите се неосновани, од причина што со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Северна Македонија, системот на плати и надоместоци на плати, како и други

прашања во врска со службата во Армијата, а службата во Армијата ја врши воен и цивилен персонал. Статусот, правата, обврските, должностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените во Министерството за одбрана, се уредува со Законот за административни службеници, Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за одбрана. Изземањето на вработените во Министерството за одбрана со статус на административни службеници од Законот за административни службеници, односно Законот за вработените во јавниот сектор, во поглед на уредувањето на нивните права, обврски, должности, одговорности и други права кои произлегуваат од работниот однос, е опција чија што реализација се разгледува со особено внимание во Министерството за одбрана и истата може да започне да се реализира, само по извршени анализи и согледани потреби за уредување на правата и обврските на вработените во Министерството за одбрана, во посебен закон. Што се однесува до наводите во Иницијативата на подносителот, за неуставноста на став (4) на член 192 од Законот, според кој, по исклучок од став (1), лицата кои веќе имаат обезбедено станбено прашање со станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, да не остваруваат право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување, наводите се неосновани, од причина што овие лица ги имаат откупено становите доделени на користење од Министерството за одбрана, односно Армијата, според Законот за продажба на станови во државна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА („Службен весник на Република Македонија" бр.71/2003 и 41/2004) и на тој начин го имаат обезбедено станбено прашање, а оние лица вработени и поранешни вработени со најмалку десет години работен стаж во Министерството односно Армијата и лицата, кои се стекнале со право на пензија во Министерството и Армијата и кои користат станови доделени на користење од станбениот фонд на поранешна ЈНА или добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА, на крајот на 2019 година, од група пратеници до Собранието на Република Северна Македонија, доставен е Предлог на закон за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА или се добиени по пат на замена на недвижен имот кој потекнува од поранешната ЈНА и се доделени на користење на лица вработени во Министерство за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија и истиот се очекува да се процесуира веднаш по завршувањето на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија цени дека наводите во Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.180/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 192 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 275/2019 и 14/2020), поднесена од Борко Симовски од Скопје се неосновани, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на истиот.

## Точка 16

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 17

**1.** Владата ги разгледа и ги прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти/бегалци низ територијата на Република Северна Македонија за период од 2 јули 2020 година до 8 јули 2020 година и Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти/бегалци низ територијата на Република Северна Македонија за период од 9 јули 2020 година до 15 јули 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да ги достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата по повод прославата на државниот празник 2 Август – Ден на Републиката (Илинден) 2020 година, заклучи, да се дополни заклучокот број два од Извадокот од нацрт – записникот од Седумдесет и шестата седница на Владата одржана на 13 јули 2020 година ( Прашања и предлози по повод прославата на националниот празник 2 Август - Ден на Републиката (Илинден) 2020 година), со следниот заклучок: Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на празникот Илинден во 2020 година во Скопје, во состав од м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Музафер Бајрам, министер без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање да положи свежо цвеќе пред споменикот на АСНОМ, споменикот на Никола Карев и пред споменикот на првиот Претседател на Президиумот на АСНОМ Методиј Андонов - Ченто.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање (NDPP), како материјал за информирање.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на Република Северна Македонија во делот на „Цивилна подготвеност" НАТО Процес на одбранбено планирање (NDPP) за период јануари 2020 - јуни 2020, како материјал за информирање.

**Точка 20**

Владата ги одложи за наредната седница Предлог-одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и Информацијата за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите, поради потребата од дополнително усогласување помеѓу сите засегнати институции кои партиципираат во Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел и Министерството за финансии, во врска со обезбедување на буџетски средства за покривање на недостатокот на средства за опремување на Мисијата на институциите, како и за другите отворени прашања.

*

*            *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |